Влада на Република Северна Македонија

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 април и 22 април 2020 година, донесе

**Пречистен текст на**
**УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**
**(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/20, 107/20 и 134/20)**

Член 1

Законот за трговија ("Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 11/18 и 120/18), ќе се применува за време на траењето на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За поставување на ред и дисциплина при влез и во внатрешноста на објектите во кои се врши трговија на мало - продавници, самопослуги, маркети, пекари, дуќани и слично (во понатамошниот текст: објекти), за време на траење на вонредната состојба ќе се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Трговецот е должен да обезбеди редарска служба при влезот и во внатрешноста на објектот, за да се запази минимум потребното растојание помеѓу лицата пред и во објектот и да обезбеди спроведување на дезинфекција за раце при влез во објектот.

Трговецот е должен да постави соодветни ознаки со кои се обележува правецот на движење и запазување на минимум потребното растојание при чекање ред на лицата пред и во објектот.

Ознаките од став 2 на овој член се поставуваат на растојание од два метри и тоа: пред секоја каса за наплата и пред влезот на објектот.

Во објектите во кои се врши трговија на мало, истовремено може да пазаруваат најмногу по едно лице на површина од секои 20 метри квадратни.

Во објектите со површина помала од 20 метри квадратни може да пазарува само едно лице.

Член 2-а

Трговецот е должен да обезбеди заштитна опрема (маски и ракавици) за вработените лица во објектот.

Вработените лица се должни заштитната опрема од ставот 1 на овој член да ја носат за времетраење на работното време.

Член 3

Државниот пазарен инспекторат ќе врши инспекциски надзор над спроведување на одредбите на оваа уредба со законска сила.

Член 4

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност  за микро и мали трговци и од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за средни и големи троговци, ќе се изрече за прекршок на трговецот ако постапува спротивно на одредбите од член 2 и член 2-а став 1 на оваа уредба со законска сила.

Глоба во износ од 50 евра во денарска противредност за вработеното лице ќе се изрече за прекршок ако постапува спротивно на одредбите од член 2-а став 2 на оваа уредба со законска сила.

Член 4-а

Одредбите на членовите 2, 2-а, 3 и 4 од оваа уредба со законска сила се применуваат за време на траењето на вонредната состојба, како и 200 дена по престанување на траењето на вонредната сосотојба.

Член 5

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3200/1 и 44-3318/1
16 и 22 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.